ДЗР-Q-720-101.01

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# ГОДИШЕН ПЛАН

# ЗА КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ

# ЗА 2025 ГОДИНА

Скопје, декември 2024 година

Врз основа на член 9 точка 16 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), Стратегијата за управување со човечки ресурси на ДЗР за 2024 – 2027 година, член 12 од Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија, број 01-690/1 од 03.06.2021 година, а во врска со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година бр. 01-1164/1 од 25.12.2025 година, главниот државен ревизор донесе

# ГОДИШЕН ПЛАН

## за континуирано професионално усовршување за 2025 година

### 1. Континуирано професионално усовршување

Државниот завод за ревизија е Врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија која има за цел навремено и објективно да го информира Собранието, Владата, другите носители на јавни функции и јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии. ДЗР обезбедува поддршка на Собранието на Република Северна Македонија во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификацијата и презентацијата на неправилностите, случаите на противзаконско работење и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата. Преку јасните и ефективни препораки ДЗР обезбедува поддршка на државните институции и корисници на јавните средства за унапредување на управувањето на истите. На тој начин ДЗР придонесува за подобрување на животот на граѓаните на Република Северна Македонија.

За успешно исполнување на нашата цел – водење грижа за јавните средства и унапредување на управувањето со истите, нашата визија е дека е потребно континуирано да обезбедуваме квалитет во работењето со што би го задржале епитетот на независен и професионален партнер со висок интегритет кој истовремено е носител на напредокот во управувањето со јавните средства, отчетноста транспарентноста во користењето на истите.

Со цел остварување на визијата и мисијата, Државниот завод за ревизија во Стратегијата за управување со човечките ресурси на ДЗР за 2024-2027 година, ги утврди стратешките цели и мерки во насока на обезбедување на современа и професионална функција на управување со човечките ресурси, која ќе промовира јасна визија за работата и улогата на Државниот завод за ревизија. Истата е изготвена во согласност со меѓународно прифатена методологија, а во насока да осигура професионални, квалификувани, со висок интегритет, како и силно мотивирани вработени.

Мерките и политиките за управување со човечки ресурси во Државниот завод за ревизија се засноваат на принципите на:




Државниот завод за ревизија е посветен да обезбеди и да креира култура на работна средина на високо професионално ниво и атмосфера погодна за учење, напредок и развој за сите вработени во институцијата да ги развиваат компетенциите, со цел остварување на надлежност на Државниот завод за ревизија, а преку континуирано јакнење на човечките ресурси.

Вработените во Државниот завод за ревизија имаат право и должност стручно да се оспособуваат и усовршуваат во зависност од процесот на работа и работните задачи. Активностите за едукација на вработените се во согласност со стратешките определби на ДЗР за развој на ревизорските знаења и ревизорските вештини за сите видови на ревизии, како и за специфични области за ревизија, а во согласност со мандатот на ДЗР.

Континуираното професионално усовршување и обуките се активности кои ВРИ ги проектира и реализира во согласност со барањата на ИНТОСАИ (Меѓународна организација на ВРИ) и ИНТОСАИ Рамката за професионални објави за управување со човечки ресурси, градење и одржување на независна, професионална и мултидисциплинарна ВРИ, а заради промоција и испорака на ефикасна и применлива додадена вредност од мандатот на ВРИ.

Континуираното професионално усовршување на вработените во ДЗР е постојан процес на јакнење на човечките ресурси, а со цел обезбедување на висок квалитет на извршувањето на надлежностите. ДЗР со анализа на потребите за професионално усовршување на вработените, го изготвува Годишниот план за КПУ, развива соодветни материјали за обука, спроведува обуки и врши евалуација на обуките согласно

Годишниот план за континуирано професионално усовршување. Овие активности осигуруваат високо квалификувани вработени, кои се одликуваат со професионалност, одговорност и сигурност, непристрасност, независност, совесност, етика и тимска работа и на тој начин директно придонесуваат во квалитетот на работата на Државниот завод за ревизија.




Државниот завод за ревизија континуираното професионално усовршување ќе го врши во согласност со Годишниот план за КПУ, кој произлегува и е конципиран врз основа на:

- работните задачи на вработените и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија;
- поединечните потреби на вработените за професионално усовршување, утврдени по пат на истражување, и
- активностите утврдени во мерката број 3 од Стратегијата за управување со човечки ресурси на ДЗР за 2024 – 2027 година.

## 2. Утврдување на потреби за едукација на вработените и зголемување на нивните знаења и вештини

Со цел добивање на подетални информации за потребата од континуирано професионално усовршување на вработените во Државниот завод за ревизија, како и зголемување на нивните вештини и знаења, Државниот завод за ревизија во месец декември 2024 година изготви посебен Прашалник и го достави до сите вработени.

На Прашалникот добиени се одговори од 78% од вкупниот број на вработени во ДЗР, опфаќајки ги сите категории на вработени во Државниот завод за ревизија, раководни и стручни, односно административни службеници и државни ревизори.

Прашалникот е составен од вкупно 19 прашања, значаен дел од прашањата се отворени прашања или со можност за повеќекратен избор.

Прашалникот е составен од 7 (седум) области кои вклучуваат:

- Развивање на меки вештини и личен развој
- Методолошки обуки
- ИТ обуки
- Обуки за сметководство
- Обуки во делот на превенција од измами, корупција и интегритет
- Законска регулатива
- Контрола на квалитет и стандарди и др.

Резултатите од направеното истражување, покажаа значаен интерес за сите понудени области и воедно истите се основа на Годишниот план за континуирано професионално усовршување на вработените во Државниот завод за ревизија.

- Етика и Интегритет
- Лидерство/ донесување на одлуки
- Управување со стрес
- Презентациски вештини
- Емоционална интелигенција
- Тимска работа
- Комуникациски вештини
- Управување со време
- Организациски вештини
- Управување со проекти

**МЕКИ ВЕШТИНИ / ЛИЧЕН РАЗВОЈ**

- Word
- Excel напреден
- Power point
- IDEA software
- Visio
- Анализа на податоци
- Data Science
- Графички дизајн
- Audit Management System
- Администрирање на информациски систем

**ИТ ОБУКИ**

- Стратешко планирање,
- Годишно планирање,
- Планирање на ревизијата
- Ревизорски пристап
- Системски базиран пристап
- Проценка на ризик
- Извршување на ревизијата
- Ревизорски техники и ревизорска документација
- Интервју
- Пристап на директни тестирања
- Известување за резултатите од ревизијата
- Пишување наоди
- Пишување препораки
- Евалуација за изразување на мислење
- Пишување на резимеа
- Пишување на ревизорски извештај
- Интерни контроли (COSO рамка)
- Пишување на апстракти/соопштенија за јавност

**МЕТОДОЛОШКИ ОБУКИ ЗА РЕВИЗИЈА**

- КК за ВРИ -ИССАИ 140 & *ISQC-1*
- Менаџирање на ДЗР и контрола на квалитет
- Улога на ревизорите во ревизорските тимови
- КК во ревизијата
- Користење на работа од други експерти
- Користење на работа од внатрешната ревизија
- Мониторинг
- ISO 9001:2015
- ISO 27001:2022
- ISO 37001:2017
- FIDIC

**Систем на контрола на квалитет и стандарди**

- дефиниции, основи за борба против корупцијата
- инструменти за откривање на измама и корупција
- измама и корупција во време на криза, како и научени лекции и случаи
- проценка на ризиците од измама и корупција
- контрола и ревизија во откривање на измама и корупција
- техники на прибирање докази во случај на откриена измама и корупција
- улогата и целите на ревизорот во ревизијата и откривањето на измама
- известување за наодите за измама и корупција

**ПРЕВЕНЦИЈА ОД ИЗМАМИ И КОРУПЦИЈА И ИНТЕГРИТЕТ**

- готовинска основа: Финансиски извештаи, Средства, Извори на средства, Приходи, Расходи
- пресметковна основа согласно Меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни претпријатија
- пресметковна основа Правилникот за водење на сметководство (МСС и МСФИ)
- модифицирана основа
- анализа на финансиска извештаи и cost benefit анализа

**ОБУКИ ЗА СМЕТКОВОДСТВОТО**

- даночен систем
- јавни набавки
- работни односи
- јавна внатрешна финансиска контрол
- процес на буџетирање
- трезорско работење
- сметководство за буџети и буџетски корисници
- локална самоуправа
- градење
- комунални дејности
- јавни претпријатија
- здравство
- политички партии и изборни кампањи
- ИПА и ЕУ фондови
- Класифицирани информации
- заштита на лични податоци

**ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА**

## 3. Програма за Континуирано професионално усовршување – области за едукација

Програмата за спроведување на континуирано професионално усовршување на вработените во ДЗР која е во Прилог на Годишниот план за КПУ, ќе се реализира по пат на обуки поделени во следните области:

1. Методолошки обуки - Основно ниво;
   1.1. Функција и значење на државната ревизија - глобално и национално ниво, улогата и профилот на државниот ревизор;
   1.2. Ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност;
   1.3. Ревизија на усогласеност;
   1.4. Ревизија на успешност;
   1.5. Ревизија на единици на локална самоуправа(ЕЛС);
   1.6. ИТ ревизија;
   1.7. Follow up ревизија и Follow up проверки, и
   1.8. Научени лекции од извршените контроли на квалитет и осигурување на квалитет / Контрола на квалитет и осигурување на квалитет во ревизиите
   1.9. Форензичка ревизија
   1.10. Ревизија на родова еднаквост.

2. Методолошки обуки - напредно ниво
   2.1. Стратешко и годишно планирање на ревизиите;
   2.2. Планирање на ревијата и анализа на ризици;
   2.3. Избор на примерок во ревизијата;
   2.4. Користење на ревизорски методи и техники;
   2.5. Пишување наоди и препораки;
   2.6. Евалуација за изразување на мислење;
   2.7. Пишување на ревизорски извештаи и
   2.8. Пишување на резиме на ревизорскиот извештај.

3. Сметководство/Финансиско известување:
   3.1. Изготвување на финансиски извештаи на готовинска основа;
   3.2. Изготвување на финансиски извештаи на модифицирана основа;
   3.3. Изготвување на финансиски извештаи на пресметковна основа - Меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни претпријатија, и
   3.4. Изготвување на финансиски извештаи на пресметковна основа - Правилник за водење на сметководство (МСС и МСФИ)
   3.5. Анализа на финансиски извештаи и cost benefit анализа.

4. Обуки од областа на ИТ:
    4.1. Word;
    4.2. Excel напреден;
    4.3. Power point;
    4.4. IDEA software;
    4.5. Visio;
    4.6. Анализа на податоци;
    4.7. Графички дизајн;
    4.8. Audit Mangement system;
    4.9. Администрирање на информациски систем;
    4.10. Користење на дигитални платформи за комуникација;
    4.11. Апликација за анализа на податоци за јавни набавки и
    4.12. Програмски јазици (Phyton, T-SQL, R).

5. Обуки во областа на:
    5.1.1. Јавни набавки;
    5.1.2. Даночен систем;
    5.1.3. Јавно приватно партнерство и концесии;
    5.1.4. ЕУ и ИПА фондови;
    5.1.5. Јавна внатрешна финансиска контрола;
    5.1.6. Сметководство на буџети и буџетски корисници;
    5.1.7. Буџети и трезорско работење;
    5.1.8. Јавни претпријатија и трговски друштва;
    5.1.9. Локална самоуправа;
    5.1.10. Градење и
    5.1.11. Работни односи;

6. Превенција од измами и корупција

7. Обуки за етика и интегритет

8. Обуки за развој на меки вештини и личен развој:
    8.1.1. Лидерство/ донесување на одлуки;
    8.1.2. Управување со стрес;
    8.1.3. Презентациски вештини;
    8.1.4. Емоционална интелигенција;
    8.1.5. Тимска работа;
    8.1.6. Комуникациски вештини;

8.1.7. Управување со време;
8.1.8. Организациски вештини;
8.1.9. Управување со проекти и
8.1.10. Разрешување на конфликти.

Областите и темите за обуки утврдени во Програмата за спроведување на КПУ на вработени во ДЗР го опфаќаат периодот и видот на обуките, местото на спроведување на обуките, вработените кои ќе бидат опфатени со обуката, обучувачите и други податоци неопходни за реализација на ГП за КПУ.

## 4. Спроведување на Годишниот план за континуирано професионално усовршување во ДЗР

Спроведувањето на Годишниот план за континуирано професионално усовршување за вработени во ДЗР, ќе биде извршено со користење на внатрешните ресурси на Државниот завод за ревизија, користење на домашни и меѓународни експерти од соодветната област.

Временската рамка за спроведување и реализација на Годишниот план за КПУ во ДЗР ќе се одвива во периодот јануари - декември 2025 година, во термини кои се погодни за спроведување на континуирано професионално усовршување, како и во термини кои се усогласени со преземените обврски по прашања од веќе договорени меѓународни активности, а притоа водејќи грижа истата да не ги наруши или забави редовните активности на ДЗР за вршење на ревизиите и исполнување на Годишната програма за работа на ДЗР за 2025 година.

Обуките ќе се спроведуваат со физичко присуство или ќе бидат организирани преку online платформи со користење на ИТ опрема во сопственост на ДЗР и обезбедени интернет врски или пак по пат на изнајмување на соодветна опрема во зависност од условите и местото на одржување на обуката. За обуките кои се планирани во рамки на проектите кои ќе се реализираат во 2025 година, капацитетите за нивно спроведување ќе бидат утврдени во соработка со лицата задолжени за управување и координација на проектите и претставници на меѓународните донатори.

Во насока на продлабочување на знаењата на државните ревизори, ДЗР во 2025 година го воведе систем за е-учење (LMS), односно онлајн платформа наменета за онлајн испорака на дигитална едукација преку курсеви за е-учење. Прва online обука е во областа на Ревизијата на успешност и истата е наменета за вработените во ДЗР, а во текот на 2025 ќе биде развиена и е-обука на тема Комуникација со засегнатите страни.

Во насока на обезбедување на информации за степенот на задоволство од спроведените обуки организирани од страна на ДЗР, имплементиран ќе биде систем на евалуација за секоја обука, по пат на добивање на повратни информации од страна на

слушателите на обуката. Податоци од спроведената евалуација ќе бидат основа за планирање на идни обуки на вработените.

Пренесување на стекнатите знаења и вештини на вработени во ДЗР ќе се врши и преку спроведување на паралелни, меѓународни, заеднички и кооперативни ревизии, преземени во соработка со Меѓународната организација на ВРИ (ИНТОСАИ) и нејзините регионални форми (ЕУРОСАИ, АФРОСАИ, АРАБОСАИ, АСОСАИ, ПАСАИ, ОЛАЦЕФ и КАРОСАИ), во соработка со Врховни ревизорски институции, како и во соработка со ИНТОСАИ ИДИ - Иницијатива за развој во рамки на ИНТОСАИ, Работната група на Контакт комитетот за заеднички ревизии (JWGAA), како и активности кои произлегуваат од склучените меморандуми за соработка со други ВРИ, билатерална соработка помеѓу ДЗР и други ВРИ. Зголемувањето на знаењето и вештините на вработените ќе се извршува и преку реализација на студиски посети и стажирања на вработени од ДЗР во други ВРИ или други организации, учество на семинари, курсеви, работилници и други форми на соработка, организирани во рамки на активностите на Меѓународната организација на ВРИ - ИНТОСАИ и нејзините регионални форми, како и Европскиот суд за ревизија, СИГМА и други меѓународни професионални организации од областа на ревизијата, како и во соработка со меѓународните организации USAID, UNDP, UN Women, UNDP, Националниот демократски институт (NDI), Вестминистер фондација за демократија (WFD), IFES и други.

## 5. Средства за реализација на КПУ и обуки

Средствата за реализација на обуките утврдени во Програмата за КПУ ќе се реализираат од Буџетот на Државниот завод за ревизија и средства од билатерални и мултилатерални проекти кои ќе бидат реализирани во 2025 година.

## 6. Завршни одредби

Овој План влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**Главен државен ревизор**

м-р Максим Ацевски

Број: 01-1170/1

Скопје, 26.12.2024 година

| ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ ЗА 2025 ГОДИНА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Ниво на обуки - област на обуката | Период / Датум на спроведување | Предавачи | Слушатели | Вид на обука | Место на одржување на обуката | Забелешка |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |

| 1. МЕТОДОЛОШКИ ОБУКИ ЗА РЕВИЗИЈА - ОСНОВНО НИВО | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | Функција и значење на државната ревизија - глобално и национално ниво, улогата и профилот на државниот ревизор | Јануари - Декември 2025 | ДЗР | ново вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 1.2 | Ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност | Јануари - Декември 2025 | ДЗР / надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 1.3 | Ревизија на усогласеност | Јануари - Декември 2025 | ДЗР / надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 1.4 | Ревизија на успешност | Јануари - Декември 2025 | ДЗР / надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 1.5 | Ревизија на единици на локална самоуправа (ЕЛС) | Јануари - Декември 2025 | ДЗР / надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 1.6 | ИТ ревизија | Јануари - Декември 2025 | ДЗР / надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 1.7 | Follow up ревизија и Follow up проверки | Јануари - Декември 2025 | ДЗР / надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 1.8 | Научени лекции од извршените контроли на квалитет и осигурување на квалитет | Јануари - Декември 2025 | ДЗР | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 1.9. | Форензичка ревизија | Јануари - Декември 2025 | ДЗР / надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 1.10. | Ревизија на родова еднаквост | Јануари - Декември 2025 | ДЗР / надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |

| Реден број | Ниво на обуки - област на обуката | Период / Датум на спроведување | Предавачи | Слушатели | Вид на обука | Место на одржување на обуката | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. МЕТОДОЛОШКИ ОБУКИ ЗА РЕВИЗИЈА - НАПРЕДНО НИВО | | | | | | | |
| 2.1. | Стратешко и годишно планирање на ревизиите | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | Раководители на тимови и вработени од категорија Б | минимум еднодневна обука | | |
| 2.2. | Планирање на ревијата и анализа на ризици | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | Раководители на тимови и вработени од категорија Б | минимум еднодневна обука | | |
| 2.3. | Избор на примерок во ревизијата | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | Раководители на тимови и вработени од категорија Б | минимум еднодневна обука | | |
| 2.4. | Користење на ревизорски методи и техники; | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | Раковители на тимови и вработени од категорија Б | минимум еднодневна обука | | |
| 2.5. | Пишување наоди и препораки; | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | Раковители на тимови и вработени од категорија Б | минимум еднодневна обука | | |
| 2.6. | Евалуација за изразување на мислење; | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | Раковители на тимови и вработени од категорија Б | минимум еднодневна обука | | |
| 2.7. | Пишување на ревизорски извештаи и | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | Раковители на тимови и вработени од категорија Б | минимум еднодневна обука | | |
| 2.8. | Пишување на резиме на ревизорскиот извештај. | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | Раковители на тимови и вработени од категорија Б | минимум еднодневна обука | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. СМЕТКОВОДСТВО/ ФИНАНСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ | | | | | | | |
| 3.1. | Практична примена и изготвување на финансиски извештаи на готовинска основа | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 3.2. | Практична примена и изготвување на финансиски извештаи на модифицирана основа, | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 3.3. | Практична примена и изготвување на финансиски извештаи на пресметковна основа - Меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни претпријатија, | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 3.4. | Практична примена и изготвување на финансиски извештаи на пресметковна основа - Правилник за водење на сметководство (МСС и МСФИ). | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 3.5. | Анализа на финансиски извештаи и cost benefit анализа | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |

| Реден број | Ниво на обуки - област на обуката | Период / Датум на спроведување | Предавачи | Слушатели | Вид на обука | Место на одржување на обуката | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. ОБУКИ ЗА ИТ | | | | | | | |
| 4.1. | Audit management system (AMS) | Јануари - Декември 2025 | ДЗР | ново вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 4.2. | Напредни обука за користење на апликацијата Word | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 4.3. | Напредни обука за користење на апликацијата Excel и анализа на податоци и графичко презентирање на податоците | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 4.4. | Напредни обука за користење на апликацијата Power Point | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 4.5. | Практична обука за користење на VISIO апликацијата | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | Раковители на тимови и вработени од категорија Б | минимум еднодневна обука | | |
| 4.6. | Практична обука за користење на апликацијата IDEA и избор на примерок | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | Раковители на тимови и вработени од категорија Б | минимум еднодневна обука | | |
| 4.7. | Практична обука за анализа на податоци | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | Раковители на тимови и вработени од категорија Б | минимум еднодневна обука | | |
| 4.8. | Обуки за графички дизајн | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | Раковители на тимови и вработени од категорија Б | минимум еднодневна обука | | |
| 4.9. | Audit Mangement system; | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | Раковители на тимови и вработени од категорија Б | минимум еднодневна обука | | |
| 4.10. | Администрирање на информациски систем; | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | Раковители на тимови и вработени од категорија Б | минимум еднодневна обука | | |
| 4.11. | Користење на дигитални платформи за комуникација; | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | Раковители на тимови и вработени од категорија Б | минимум еднодневна обука | | |
| 4.12. | Апликација за анализа на податоци за јавни набавки | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | Раковители на тимови и вработени од категорија Б | минимум еднодневна обука | | |
| 4.13. | Програмски јазици (Phyton, T-SQL, R). | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | Раковители на тимови и вработени од категорија Б | минимум еднодневна обука | | |

| Реден број | Ниво на обуки - област на обуката | Период / Датум на спроведување | Предавачи | Слушатели | Вид на обука | Место на одржување на обуката | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. Обуки во областа на: | | | | | | | |
| 5.1. | Законска регулатива во областа јавни набавки | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 5.2 | Законска регулава во областа на даночниот систем | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 5.3 | Законска регулатива во областа на јавно приватно партнерство и концесии | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 5.4. | Законска регулатива во областа на ЕУ и ИПА фондови | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 5.5. | Законска регулатива во областа на јавна внатрешна финансиска контрола | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 5.6. | Законска регулатива во областа на сметководство на буџети и буџетски корисници; | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 5.7. | Законска регулатива во областа на буџети и трезорско работење; | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 5.8 | Законска регулатиа во областа на јавни претпријатија и трговски друштва; | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 5.9 | Законска регулатива во област на локалната самоуправа; | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 5.10. | Законска регулатива во областа на градењето | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 5.11. | Законска регулатива во областа на работните односи | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |

| Реден број | Ниво на обуки - област на обуката | Период / Датум на спроведување | Предавачи | Слушатели | Вид на обука | Место на одржување на обуката | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. ПРЕВЕНЦИЈА ОД ИЗМАМИ И КОРУПЦИЈА | | | | | | | |
| 6.1. | Обуки во областа на превенција од измами и корупција | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 7. ЕТИКА И ИНТЕГРИТЕТ | | | | | | | |
| 7.1. | Обуки во областа на етика и интегритет | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 8. ОБУКИ ЗА РАЗВОЈ НА МЕКИ ВЕШТИНИ И ЛИЧЕН РАЗВОЈ | | | | | | | |
| 8.1. | Лидерство/ донесување на одлуки; | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 8.2. | Управување со стрес; | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 8.3. | Презентациски вештини; | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 8.4. | Емоционална интелигенција; | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 8.5. | Тимска работа; | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 8.6. | Комуникациски вештини; | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 8.7. | Управување со време; | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 8.8. | Организациски вештини; | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 8.9. | Управување со проекти и | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |
| 8.10. | Разрешување на конфликти. | Јануари - Декември 2025 | ДЗР/ надворешни експерти | вработени во ДЗР | минимум еднодневна обука | | |